**До**
**СОБРАНИЕТО НА ДРУШТВОТО**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

од работата на Службата за внатрешна ревизија
на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје
за 2016 година

Март, 2017 година

**С о д р ж и н а**

I Вовед ....... 3

1 Опис на извршени редовни ревизии ...... 3-4

2 Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола .... 4-5

3 Наоди и дадени препораки ...... 5

4 Останати активности на Службата за внатрешна ревизија ... 5

## I Вовед

Врз основа на член 415-в, т. 1 и 2 од Законот за трговските друштва ( Сл. Весник на РМ бр. 48/10) и член 17 ст. 1 од Правилникот за организационата поставеност , правата и одговорностите , односите со другите организациони единици во Друштвото, Службата за внатрешна ревизија изготви Извештај за своето работење за периодот 01.01.- 31.12.2016 година.

Извештајот за работењето на Службата ги содржи следните информации :

- Опис на извршени внатрешни ревизии на работењето на друштвото,
- Оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола ,
- Наоди и дадени препораки ,
- Информации за останати активности на внатрешната ревизија .

Во текот на извршување на своите активности, Службата за внатрешна ревизија настојуваше да обезбеди, објективна и независна оценка на адекватноста на внатрешните контроли.

Своите активности Службата за внатрешна ревизија ги извршуваше согласно принципите и стандардите за внатрешна ревизија .

### 1 Опис на извршени внатрешни ревизии

Во текот на 2016 година Службата за внатрешна ревизија ги реализираше активностите согласно Годишниот план за работењето на Службата за внатрешна ревизија на друштвото .

Во првиот квартал на годината како што беше и планирано изготвен е годишниот Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за деловната 2015 година. Истиот Годишен извештај беше на дневен ред на редовното годишно Собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, одржано на ден 11.05.2015 година и едногласно усвоен.

Во третиот квартал на годината беше изготвен полугодишниот Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за 2016 год., кој беше усвоен од неизвршните членови на Одборот на директори.

Во периодот Јануари - Декември 2016 година, согласно Годишнииот план за работа, реализирани се три ревизии во Секторот за финансиски работи и една истовремено во Секторот за финансиски работи и Секторот за општи и правни работи .

**Преглед на извршени ревизии во текот на 2016 година**

| Ред. бр. | Јануари-Декември | Бр. на Препораки |
|---|---|---|
| | Редовни оперативни ревизии | |
| 1. | Ревизија во Секторот за финансиски работи ,<br><br>- Ажурност и точност на сметководствена евиденција | 1 |
| 2. | Ревизија во Секторот за финансиски работи ,<br><br>-Наплата на достасани побарувања | / |
| 3. | Ревизија во Секторот за општи и правни работи и Секторот за финансиски работи<br><br>-Склучување Договори за закуп и фактурирање | 1 |
| 4. | Ревизија во Секторот за финансиски работи<br><br>-Обврски на друштвото према добавувачи | 1 |

Извештаите за извршените ревизии се доставувани до Одборот на директори, односно неизвршните членови на Одборот на директори и до раководителите на Секторите
во кои е вршена ревизијата.

**2 Оценка за адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола**

Внатрешната контрола е континуиран процес кој се спроведува на сите нивоа во друштвото, кој има за цел да се зголеми ефикасноста на вкупното работење во друштвото, унапредување на ефикасноста, како и на усогласеноста на интерните политики на друштвото со законските прописи.

При оценка на адекватноста и ефикасноста на системот на внатрешна контрола , внатршната ревизија се раководеше од следните компоненти :

- Дали процесите и активностите кои беа предмет на ревизија се регулирани со интерни акти, упатства и дали истите се во согласност со законските прописи ;

- Дали внатрешните контроли се доволни, сигурни и безбедни за да се спречат намерни или ненамерни грешки и доволно ефикасни за да се минимизираат ризиците во работењето ;

- Дали системот на интерна контрола овозможува препознавање и проценка на значајни ризици на кои е изложено друштвото.

Врз основа на извршените поединечни ревизии во текот на 2016 година, може да изразиме разумна сигурност дека контролните постапки кои се неопходни за да се пресретнат клучните ризици во друштвото се воспоставени и функционираат.

## 3. Наоди и дадени препораки

Службата за внатрешна ревизија своите наоди и препораки од извршените ревизии , детално ги има презентирано во поединечните извештаи. Дадените препораки во конкретните ревизии се почитуваат и истите се имплементирани, спроведени уште во текот на изготвување на конечните извештаи на ревизиите.

## 4. Останати активности на Службата за внатрешна ревизија

Во текот на 2016 година, Службата за внатрешна ревизија изготвуваше потребни акти за спроведување на планираните ревизии и тоа, план за поединечна ревизија , прашалници, интервјуа, работни листови и др. Во своето работење службата соработуваше со сите организациони единици.

Службата за внатрешна ревизија работеше согласно принципите и стандардите за внатрешна ревизија и политиката и процедурите за работа на службата, утврдени со Правилникот за организациона поставеност , правата и одговорностите , односите со другите организациони единици во друштвото .

Службата за внатрешна ревизија ги реализира поставените цели со Годишниот план за работа за 2016 година.

Служба за внатрешна ревизија
Х.Лакинска